ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN SCHOOL SPORT FEDERATION

ЖИРО С-КА 300000000620157, ЕДБ 4030997161050, КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ
Градски парк бб. Кошаркарска сала Работнички, П.Фах. 5, 100 Скопје, тел./факс +389 (0) 2 31 16 824
Web page: http://www.fusmak.org.mk E- mail: fusmakkontakt@yahoo.com

Бр. 03-117
Дата 12.12. 2014 год.

До
_____

НАСОКИ ЗА УСПЕШНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ

Согласно определбите на Владата на Република Македонија заедно со Министерството за образование и наука и Агенцијата за млади и спорт за поддршка на училишниот спорт, Федерацијата на училишен спорт на Македонија, за поуспешна реализација на **Стратегијата за зголемување на опфатот на ученици кои учествуваат во спортските активности и системот на натпревари во училишниот спорт во периодот 2014-2016 година**, Ви ги доставува следниве насоки за успешно функционирање на училишните спортски клубови:

1. Примарно да се реализираат програми за масовно спортување, особено за учениците од одделенска настава, вклучувајќи ги програмите за спречување и корекција на телесните деформитети.

2. Вклучување на директорите во управувањето на училишните спортски клубови.

3. Програмите на училишните спортски клубови со финансиски план да се достават до општините за да може да се планира финансиска поддршка од спорскиот и образовниот буџет.

4. Доколку не се обезбеди доволен буџет од општината или училиштето за функционирање на училишниот спортски клуб да се користи принципот на самофинансирање.

5. Распределбата на средствата од училишните спортски клубови добиени по сите основи (од училиште, општина, самофинансирање, спонзорство и друго) да се врши до 60% за работа на стручните лица со платени даноци, до 30% за спортска опрема и реквизити (кои ќе се користат и за редовната настава по физичко и здравствено образование во основните и спорт и спортски активности во средните училишта) и до 10% за натпревари во училиштето и меѓу училиштата по генерации.

6. Во училишниот спортски клуб да се ангажира минимум едно невработено стручно лице, да има застапено минимум три спорта и спортски активности и да се ангажирани минимум 1/3 од учениците, особено за училиштата кои работат во една смена.

7. Во училиштата кои работат во две смени и се со ограничени услови за тренирање во некои спортови, училишните спортски клубови да реализираат програми од атлетика, фудбал, шах, пинг-понг, планинарење, велосипедизам, забавен училишен спорт, превентивно-корективни програми за телесни деформитети и друго.

Претседател
Проф. Д-р Александар Туфекчиевски